**Инфо билтен – март 2023**



**Повици**

Погледнете ја листата на граѓански организации и проекти кои ќе бидат финансирани преку Програмата за грантови на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" во периодот до април 2024 година. Ќе следува дополнителен повик за ад-хок грантови.

Локалната канцеларија Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

По однос на завршените повици за доделување на грантови во рамки на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" објавени во ноември 2022 година, во периодот од февруари 2023 година до април 2024 година ќе бидат реализирани следните проекти. Избраните проекти опфаќаат различни региони во државата и различни локални потреби во секторот климатски промени. Во следниот период ќе биде објавен уште еден повик за дополнителни ад-хок грантови.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Коалицијата за клима оствари две работни средби за подготовка на коментари на нацрт законот за климатска акција кој е отворен за коментари на ЕНЕР уште 10 дена. Овој закон за прв пат поставува национално координативно тело за климатска акција во државата. Проследуваме информација дека Министерството за животна средина и просторно планирање ќе организира јавна расправа за овој закон на 23 март.

**Заштита на природа**

Еко-свест отпочнува иницијатива за заштита на дел од реката Вардар преку репрогласување на Клисурата Демир Капија како Споменик на природата. Време е за активна заштита, планско управување и вклученост на локалните заедници за да го зачуваме овој уникатен регион на нашата земја.

Фотоволтаици на Емералд подрачје Долна Брегалница, пат на Луково Поле за нов граничен премин, мали хидроцентрали без студии за заштита на животната средина...Еко-свест порачува: Нашата природа не е на распродажба! Прочитајте зошто Еко-свест ги повикува институциите да прекинат со планирање и инвестирање во инфраструктурни активности кои имаат неповратно и штетно влијание врз природата! Институциите треба да бидат сериозни и посветени кога се работи за исполнување на нашите обврски за заштита на природата и заштита на јавниот интерес на граѓаните.

Барање за откажување на хидроцентралите во НП Маврово, согласно Одлуката на Постојниот Комитет на Бернската Конвенција до Претседателот Стево Пендаровски и Премиерот Димитар Ковачевски да се заложат за раскинување на договорите за концесии за трите планирани мали хидроцентрали во Националниот парк „Маврово", Жировница 5 и 6 и Рибничка 7 и на тој начин да се испочитуваат меѓународните договори, коишто се обврска и за Македонија. Еко-свест апелира за што поскоро започнување на процесот на репрогласување на нашиот најстар Национален парк Маврово.

Во земјите од Западен Балкан има 88 реки кои чекаат да бидат заштитени и вклучени во Емералд мрежата. Научници и претставници на невладини организации потпишаа Заедничка изјава за проширување на Емералд мрежата во земјите на Западен Балкан. Со оваа иницијатива се поттикнува можност за заштита на ендемичните видови риби и други значајни речни живеалишта за да се зачува уникатната биолошка разновидност на реките во регионот.

Што може да направиме ние за да ги зачуваме опрашувачите? Еко-свест објави едукативен прирачник за младите- „Пчели- повеќе од мед", во кој се содржани практични активности со кои најмладите можат да научат за различните начини на кои живеат пчелите и видовите гнезда кои ги прават и кревање на свеста за тоа дека медоносните пчели не се единствените пчели кои постојат. Прирачникот содржи упатство за изработка на Хотели за пчели, пракса што особено помага во урбаните средини во многу земји за да се надоместат загубите на пчелните живеалишта.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Енергија**

Студија на „Cambridge econometrics" објаснува зошто амбициозно поставена цел е онаа што дава најмногу придобивки и за климата и за граѓаните, во однос на енергетската ефикасност во ЕУ до 2030 година.

Дали енергетската криза се искористи како оправдување за неспроведување на донесените енергетски политики во земјата. Прочитајте во документот за анализа на јавни политики на оваа тема.

**Медиуми**

Природата во нашата земја не се зачувува вистински бидејќи власта гледа на заштитените подрачја како на ресурс кој треба да се искористи, а не да се заштити за следните генерации. Дали природата во Македонија е на распродажба?

Реките ни се богатство, а ги уништуваме без никаква заштита, апелираат научници и екологисти. Тие објавија листа на 88 реки со кои треба да се прошири Емералд мрежата во регионот, и со тоа да добијат висок приоритет на заштита.

Зошто е потребно зголемување на зелената инфраструктура во градовите? Како таа ни помага да се прилагодиме на новонастанатите климатски услови? Погледнете во видеото дел од кампањата за зелена урбана инфраструктура.

**Разно**

Центарот за граѓански комуникации подготви извештај од мониторинг на јавните набавки поврзани со заштита на животната средина и препораки за поттикнување на спроведувањето „зелени" набавки, бидејќи институциите не ги почитуваат ниту малиот број мерки донесени од Владата со кои преку јавните набавки треба да се влијание врз заштита на животната средина.

Прирачникот за зелени јавни набавки е главен документ со насоки на Европската комисија за да им помогне на јавните институции да купуваат добра и услуги кои се со помало влијание врз животната средина. Тој е корисен водич и за креаторите на политики и за компаниите кои сакаат да учествуваат во т.н. „зелени" тендери.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.